РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е барање на мислење во однос на тоа, дали постои судир на интереси во ситуација кога од страна на совет на Општина донесено е Решение за именување на претставник на општината за член на училишен одбор во ООУ. Лицето кое е именувано за извршување на наведената функција, согласно дописот од директорот на истото училиште, е негово блиско лице, односно прв братучед на неговата сопруга.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издаде следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија извести дека согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, лицето што е именувано за член на училишниот одбор во ООУ од страна на Советот на Општината не претставува блиско лице на директорот од истото училиште.

Имено, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси блиски лица на службените лица по сватовство се до втор степен, што не ги опфаќа првите братучеди на брачните партнери на тие службени лица.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk